




# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# СТАРТУВАШЕ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА „ПРАШКА“

**Реконструкција на атмосферска канализација, рабници, тротоари, коловози и улично осветлување, од денеска, се работите кои ќе се изведуваат на улицата „Прашка“ во Општина Карпош. Таа е една од поголемите улици во Тафталице 1 и на неа ќе се интервенира во должина од 1,015 километри. Вредноста на реконструкцијата е над 15,5 милиони денари. Реконструкцијата на 10 улици и на атмосферска канализација во Карпош е врз основа на проект кој го финансира Светска банка во вкупна вредност од 35 милиони денари. Првиот човек на општината, Стевчо Јакимовски, официјално истакна дека во наредните месеци следува период на реконстукција на повеќе улици и на атмосферска канализација. -Денеска официјално започнуваме со проектот за реконструкција на улици и атмосферски канализации на територија на Општина Карпош. Овој проект е финансисран од страна на Светска банка и со помош на Министерството за финансии. Во моментов се наоѓаме на улица Прашка на која ќе биде реконстуриран коловозот, рабници, тротоарите и уличното осветлување. Во исто време ќе се реконстурира атмосферската канализација на улицата Анкарска, Струшка, Анкарска, Алжирска, Багдатска и Борка Талески како и атмосферската канализација на улицата Влае, Франц Прешен и Корушка,. Со овие зафати во овие делови во Општина Карпош ќе ги ставиме целосно под контрола атмосферските води и граѓаните во наредниот период нема да имаат проблеми со мешање на атмосферската и фекалната канализација.**

**Овој проект е вреден околу 35 милиони денари, а инаку одобрени средства од Светска банка се над 45 милиони денари и веруваме дека овој проект за шест месеци успешно ќе заврши па дури ќе бидат одобрени и дополнителни средства-рече Јакимовски. Министерот за финансии, Зоран Ставревски ја пофали Општината и задолжените лица при подготовката на проектот кои работеа по сите високи стандарди на Светска банка. - Сакам да ја пофалам Општината, односно вработените кои учествуваа во подготовката на проектот кои што ги задоволи високите стандарди на Светска банка, изјави во оваа пригода министерот за финансии и вицепремиер во владата на Република Македонија Зоран ставревски. Станува збор за улици кои што преку 40 години откако се изградиле во изминатиот период не биле реконстуирани или немало атмосферска канализација, така што иако се работи за една исклучително урбана и градска средина, каде што голем дел од комиуналните прашања претходно се добро решени, сепак има места каде дополнително треба да се интервенира.**

**Врз база на контактите со граѓаните и врз база на барањето на Оппштината, Министерстовто за финансии помогна да се обезбедат средства за реализација на овој проект. Одобрени се средства од Светска банка од 35 милиони денари или 575 илјади евра. Иститe се обезбедени од Светска банка по извонредно поволни услови, со рок на отплата од 13 години, од кои првите три години има грејс период, каматната стапка изнесува 0,6 проценти. Се работи за проект кој што ќе реши прашање за атмосферска канализација и изградба на тротоари и реконстукција на улици за над 3,5 илјади жители на Општина Карпош-истакна Ставревски. Во рамките на проектот за реконстукција на улици и атмосферска канализација, кој е финансиран од страна на Светска банка, а со помош на Министерството за финансии на Република Македонија, изградбата на овие инфраструктурни објекти во Карпош ќе продолжи во наредните шест месеци.**







# НИТУ ПАРКИНЗИ НИТУ ОБЈЕКТИ НЕМА ДА ИМА НА ЗЕЛЕНИЛО

**Одговарајќи на новинарско прашање за контроверзите што кај дел од граѓаните на Карпош 4 се појавија во врска со нацрт-деталниот урбанистички план за овој регион и сомневањата дека со неговото донесување и реализација ќе се уништи дел од зеленилото на сметка на објекти, градоначалникот Стевчо Јакимовски ја даде следната изјава: - Одговорно тврдам пред граѓаните на Карпош 4 дека ниту една педа зеленило нема да се одземе ниту ќе се градат објекти на зеленило. Се што беше потребно да се направат паркинзи на територија на Општина Карпош во изминатите три години се направи.**

**Како локална власт изградивме само за овој дел повеќе од 800-тини паркинг места, така што нема потреба од било каква загриженост. Свесни сме дека преку манипулација кои се обидуваат поединци да ја прават во Карпош 4, дел од граѓаните се загрижени и збунети. Она што порачуваме е дека можат спокојно да живеат и ќе видат дека нема да биде ниту една педа зеленило одземено на граѓаните од овој дел на Општината. Планот е законски и прописно направен според стандардните, и нема да има никаков проблем за граѓаните.**



# РОК ЗВУЦИ ВО НАЈУРБАНАТА ОПШТИНА

**Во рамките на осмото по ред Карпошово културно лето, одекнаа звуците на рок музиката. Местото каде се одржа концертот на рок групата „Никеја“ беше Алпинистичка карпа, каде љубителите на алтернативниот рок имаа можност да ги слушаат песните на групата „Никеја“. Долгогодишното постоење на оваа група на македонската сцена и нивното огромно искуство, придонесе до вистинско концертно уживање.**





# ПРОДОЛЖУВА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА „ПРАШКА“

**По стартот на реконструкцијата на една од најдолгите улици во Тафталице е во Карпош (над 1 километар) денес продолжуваат подготвителните работите пред да почнат градежните зафати. Денес се работеше на отстранување на електричните столбови од уличното осветлување, онаму каде што треба да се вадат рабниците и да се реконструираат тротоарите. Претходно пратено е и известување до кабловските и другите оператори да ги дислоцираат каблите кои се непрописно и многу површински ставени. Имено, наместо на длабочина од 80 сантиметри, одделни економски оператори каблите ги поставиле на 20 сантиметри и со тоа пречат при ископот на земја за изведување на тротоарите. Општина Карпош од нив официјално побара да ги постават на соодветна длабочина согласно прописите, за да можат работите непречено да продолжат.**



# ЊУЈОРШКА НОЌ ВО КАРПОШ

**Со лесен и релаксирачки етно-џез, тројцата соседи од Њујорк, познатото џез трио Пор Ке Не (Por Che Ne), карпошанецот Александар Петров, аргентинскиот пијанист Леонардо Ценовезе и Италијанецот на контрабас Франческо Маркочи, приредија ретко музичко доживување на Карпошовото културно лето 2015 година на платото во ТЦ Карпош 3-Лептокарија. Пред повеќе од стотина љубители на џезот тие понудија маестрални преработки на македонски етно звуци, а гостинка на вечерта беше и Елена Стефковска, која со седефастиот вокал на изворни македонски песни прекрасно се вклопи во композицијата на ова џез трио. Публиката имаше можност дури да го слушне и младиот талент на труба Симеон Петров и да ужива час и половина во бравурозните изведби на њујоршките џезери.**





# ЗАБАВА ЗА НАЈМЛАДИТЕ КАРПОШАНИ

Со театараска претстава на Фуз Бабл (Fuzz Bubble), најмладите карпошани се забавуваа на осмото по ред Карпошово културно лето. Уметниците - жонглери и нивните несекојдневни акробации придонесоа да кулминира задоволството и детскиот џагор кај најмладата популација. На полното плато во Лептокарија, првата професионална група на уметници-жонглери во Македонија, изведоа вистинска циркуска драма за најмалите. Групата од тројцата енергични актери датира од 1997 година, во која сите млади ентузијасти имаат иста страст кон жонглирањето и акробациите. Тие својата креативна енергија ја споделуваат со целиот свет. Вечерва „нивниот свет“ беа децата од Карпош кои се покажаа како многу благодарна публика која знае од срце да се радува на нивните „мајстории“. Утре, денот пред викендот, (петок, 21.08.2015 година), на богатата програма на овогодинешното Карпошово културно лето е музичкиот концерт на фолк пеачите Благоја Груевски и Милица Кузмановска. Овој музички спектакл ќе се случува на Амфитеатарот на кејот на реката Вардар со почеток од 20.30 часот.



# КАРПОШ СЕ ПОКЛОНИ ПРЕД ПРВИОТ СКОПСКИ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

**Делегација на Општина Карпош предводена од Секретарот на Општината Бојан Милошевски положи венец свежо цвеќе пред споменикот на Првиот скопски партизански одред, кој се наоѓа на територијата на Карпош. На свечената манифестација која ја организираше Градскиот одбор на Сојузот на борците од НОВ, пред присутните гости, почитувачи на придобивките на НОБ и борци, говореше Трајко Стаматовски, претседател на градската организација на борците. Тој евоцираше спомени за формирањето на Првиот скопски партизански одред, првите вооружени акции организирани од диверзантските групи и жртвите кои паднале во борбата против фашистичкиот бугарски и германски окупатор. Првиот скопски народноослободителен одред е формиран на 22 август 1941 година во Чифлик Скопско, и во него се бореле 42 борци од сите националности, од кои 17 загинале во текот на Народноослободителната војна. Од овој одред дури тројца се прогласени за народни херои и тоа Раде Јовчевски Корчагин, Боро Петрушевски и Александар Урдаревски. Во оваа пригода, борците искажаа јавна благодарност до Општина Карпош што се грижи за оддржување на нивното спомен обележје и е почитувач на нивните дела.**



# ПРОМЕНА НА ТОПЛОВОДНАТА И КАБЛОВСКАТА МРЕЖА НА „ПРАШКА“

**Се известуваат жителите на улица „Прашка“ и околните улици кои гравитираат кон неа, дека во наредниот период ќе дојде до успорување на градежните работи околу реконструкција на троторарите поради сериозни интервенции и дислокација на поставените кабли. Имено, компанијата БЕГ ќе направи реконструкција на десет попречни водови, односно ќе ја менува целата топловодна инфраструктура, со цел во наредните десет и повеќе години да нема никакви дефекти во цевките. Освен тоа, известени се сите кабловски оператори и ЕВН Македонија да ги спуштат своите поставени кабли подлабоко, на со пропис одредената длабочина од 80 сантиметри, наспроти сегашните „плитки“ 20-30 сантиметри кои при првата интервенција на тротоарите излегоа на површината и се покажаа како пречка во изведувањето на истите. Фактичката состојба на поставените кабли од кабловските оператори и ЕВН не соодветствуваат со подземниот катастар, и не се на прописна длабочина. Освен реконструкцијата на подземните кабли и топловодот, граѓаните од „Прашка“ ќе добијат и реконструирано уличното осветлување, нови тротоари и рабници и целосно реконструирана улица.**



## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА НОВ ПЛОШТАД И УЛИЦИ ВО БАРДОВЦИ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски го потпиша договорот за доделување финансиска поддршка за изградба на нов плоштад и улици во налсебата Бардовци. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и додели на Општината, грант од 20 милиони денари за изградба на нов плоштад во Бардовци, како и негово хортикултурно уредување. Предвидено е со овие средства на одредената локација да се постави и урбана опрема, осветлување и детско игралиште. Финансиска поддршка од 15 милиони денари, Општината доби и за проектот изградба на улиците 10 и 12 како и за нови тротоари во населбата Бардовци.



## ПРЕКИНАТ ФОЛК КОНЦЕРТОТ НА КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО

И покрај најавите за неповолни временски услови, карпошани не се откажаа од забава. Амфитеатарот на кејот на реката Вардар беше преполн со љубители на народната музика на фолк пеачите Милица Кузмановска и Благоја Груевски. Забавата која беше проследена со оро и овации, кратко траеше поради прекин на концертот заради најавениот дожд. Сепак, храбрите карпошани ја препознаа добрата забава и на кратко време уживаа во хитовите на Благоја и Милица.

# ЗБРАТИМЕНАТА ЛАПТА(СЕВЕРЕН КИПАР) ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во рамките на Карпошово културно лето, делегација на општина Лапта од Северен Кипар, Турска Република, денеска беше во посета на Општина Карпош. Градоначалникот Јакимовски топло ги поздрави гостите и им посака пријатен престој во Општина Карпош како и денови поминати во прошетка и релаксација на повеќе локации во нашата држава. Градоначалникот на Општина Лапта, Фуад Намсој изрази благодарност до Јакимовски и Општина Карпош за гостопримството и се надева дека овие денови добро ќе се забавуваат и пред се ќе ја запознаат македонската традиција на музиката, храната и се разбира македонската историја. На официјалниот прием беа разменети подароци од Општина Карпош и Општина Лапта во знак на благодарност и желба за понатамошна соработка.**



# ФРАНЦУСКА ДЕЛЕГАЦИЈА ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Во Општина Карпош, во официјална посета пристигна делегација од Флери сир Орн, збратимена општина на Карпош од Долна Нормандија, Франција. На пријателската средба градоначалникот на локалната самоуправа, Стевчо Јакимовски со задоволство ги пречека гостите од Општината Флери Сир Орн, градоначалникот Марк Лекреф како и претстсвници од тамошната општинска управа. Еден од поводите за средбата беше и поддршката за вечерешната изложба на еминентниот автор на фотографии, Жанги Л Карпетје (Jangui Le Carpetier) од Франција, кој на покана на локалната власт е учесник на годинешното Карпошово културно лето. На средбата меѓу првите луѓе од двете општини присуствуваше и советничката за култура на амбасадорката на Франција, Изабел Марши Барбо која срдечно ја позрави соработката на Карпош со Флери Сир Орн со Општина Карпош, која постојано се надградува и дава нов квалитет во меѓусебните односи. Градоначалникот на Општина Флери Сир Орн, Марк Лекреф беше воодушевен од динамиката со која живее Карпоша, која ја иницира токму градоначалникот Јакимовски. - Јас сум многу среќен што сум тука во Карпош, задоволен сум од пречекот кој што го имавме. Успеавме да го посетиме градот, а заедно на состанокот со градоначалникот размислувавме и проценувавме кои се можностите за продлабочување на соработката меѓу двете општини.**

**Она што особено ми се допаѓа во оваа Општина е динамиката која што се забележува кај сите граѓани, а особено кај градоначалникот, како и сите оние проекти кои се многу важни и кои се спроведуваат во општината. Би сакал да посочам и на модернизмот, економскиот и урбаниот развој, но исто така, навистина многу сум фасциниран од оние услуги кои Општината ги пружа за своите граѓани кога станува збор за културата, образованието, спортот и друго. Првиот човек на локалната самоуправа, Јакимовски изрази голема благодарност што по втор пат француските гости се во Општина Карпош и пред се, што веќе се гледааат резултатите од плодната соработка и од засилувањето на меѓусебните контакти. -Ние веќе соработуваме со оваа Општина и тие се наши гости по втор пат. Нашата делегација исто така беше кај нив, а дел од соработката е во инклузијата на лицата со посебни потреби, бидејќи во Франција имаат многу силен систем на заштита и поддршка на овие лица. Таа соработка и тоа искуство е многу драгоцено за нас, бидејќи локалната самоуправа дава целосна поддршка на овие семејства кои имаат лица со посебни потреби. Овој пат посетата е во доменот на културната соработка, така што тие имаат своја изложба во Општина Карпош која ќе биде презентирана пред граѓаните на Општината.**

Исто така разговарвме околу тоа да имаме реализација на заеднички проекти во спортот и во образованието, како и во областа на економијата помеѓу двете локални власти. Многу ми е мило што има иницијативна од двете општини за продлабочување на досегашната соработка. На средбата присуствуваше и фотографот Жанги Л Карпетје (Jangui Le Carpetier), кој непрекинато се инспирираше од атмосферата и фотографираше. Неговата вечерашна изложба ќе биде дел од фотографиите кои ги „овековечува“ во неговата Општина, од инфраструктурата па се до хортикултурата. Оваа прекрасна изложба ќе биде проследена со келтска музика на групата „Киклоп енд д Банше“, а истата ќе започне во 20.30 часот на платото во ТЦ „Карпош 3 – Лептокарија“.



# УМЕТНОСТ И КЛАСИКА НА ЕДНО МЕСТО

**Уметноста и звуците од класичната музика извонредно се споија во неделната вечер на Карпошово културно лето. Оваа ноќ, карпошани имаа можност да уживаат во делата кои преку целиот ден, беа инспирација за уметниците од Македонија, Србија, Турција, Белгија како и за палестинецот од Јордан. Оваа вечер освен уметничките дела на голем број врвни уметници, присутните се релаксираа со дел од поетските стихови на Борче Грозданов од неговата најнова книга „Сништа и сеништа“ која финансиски е поддржана од Општина Карпош. Музичкиот проект „Биди кул, слушај класика“, кој се реализира веќе две години од вокалните солити на „Про арт“, има за цел зближување на младите со класичната музика. Токму затоа, локалната самоуправа мисли за доброто на младите жители на најурбаната Општина и оваа ноќ имаа можност подобро да се запознаат со скромните но грациозни звуци на овој тип музика. Претседателот на Комисијата за култура при Советот на Општина Карпош, Горан Михајлов ги поздрави присутните и ја пофали работата на изработените дела од еминентните автори на кои им врачи благодарници за учество на дневниот ликовен хепенинг како и за учеството на изложбата.**

